**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# Македонски јазик за учениците од другите заедници за VI одделение

**Скопје, 2023 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Македонски јазик за учениците од другите заедници |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VI (шесто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • Јас, моето семејство, домот и моите пријатели<br>• Училиште, место на живеење, интереси и слободно време<br>• Нашето тело, здравје, исхрана |
| **Број на часови** | 2 часа неделно /72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија, печатач.<br>• Средства и ресурси за учење: фотографии, слики, плакати, постери од книжевници, шеми и прикази за наставниот материјал, паноа кои го следат материјалот по подрачја; речници, правопис, лексикони, енциклопедии, книги, едукативни софтевери, снимки од нарации, аудио – визуелни снимки;<br>• Библиотека во училница, училишна библиотека. |
| **Норматив на наставен кадар** | Настава по Македонски јазик учениците од другите заедници во VI одделение на деветгодишното основно образование може да реализира лице кое завршило наставна насока на студиските програми:<br><br>• Македонски јазик и книжевност VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Македонски јазик и јужнословенски јазици VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Македонска книжевност и култура VII/1 или VI A т.е 240 кредити; |

| | |
|---|---|
| | • Општа и компаративна книжевност VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Македонски јазик и англиски јазик (германски јазик, француски јазик) VII/1 или VI A т.е 240 кредити.<br><br>Забелешка: Лицата кои завршиле применета насока од наведените студиски групи и се здобиле со педагошко – психолошка и методска доквалификација можат да реализираат настава по предметот Македонски јазик за учениците од другите заедници во основното образование. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во Наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Користење други јазици - Македонски јазик за припадниците на другите заедници**

***Ученикот/ученичката знае и/или умее:***

| | |
|---|---|
| II-A.1 | да разбере реченици и често употребувани фрази што се однесуваат на области од најнепосредна лична важност (како лични и семејни информации, потреби и интереси); |
| II-A.2 | да ја извлече главната поента во јасни, едноставни пораки, соопштенија, упатства, молби и сл.; |
| II-A.3 | да прочита и разбере едноставни текстови од различни видови, на позната и помалку позната тематика, соодветни на возраста; |
| II-A.4 | да најде конкретни информации во текстови во реални материјали (како на пример, реклами, проспекти, упатства, брошури, менија, возни редови и сл.) и да разбере куси едноставни пораки, со цел да се снајде во секојдневни ситуации; |
| II-A.5 | да комуницира во конкретни и секојдневни ситуации кога се бара едноставна и директна размена на информации на познати теми; |
| II-A.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не ја попречуваат комуникацијата; |
| II-A.7 | да користи најчесто употребувани искази и реченици кои произлегуваат од непосредното искуство и/или се однесуваат на теми и ситуации од непосреден интерес; |
| II-A.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила; |

| | |
|---|---|
| II-А.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување; |
| II-А.10 | да изрази и аргументира чувство и мислење во врска со нешта од непосреден интерес; |
| II-А.11 | да користи низа од искази и реченици за да напише порака, писмо, белешка, разгледница и да опише со едноставни зборови нешта од непосреден интерес. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| II-Б.1 | преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и се можност за комунакација со припадници на различни културни/јазични групи |
| II-Б.2 | со познавањето на повеќе јазици се олеснува пристапот до ресурси што се корисни за совладување на други наставни предмети/содржини, |
| II-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и почит за различни јазици и култури, |
| II-Б.4 | преку изучувањето на други јазици се развива почитување за другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди: **Личен и социјален развој, Дигитална писмнеост, Општество и демократска култура и Уметничко изразување и творење**

## V. Личен и социјален развој

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| V-А.1 | да разликува здрав од ризичен животен стил кога се работи за сите сфери на живеење (вклучително навики во исхраната, спортски и рекреативни активности и сексуално однесување); |
| V-А.2 | да избира и практикува активности кои обезбедуваат развој и подобрување на сопственото ментално и физичко здравје и добросостојба; |
| V-А.3 | да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални (на пр., родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (на пр, ученик, син/ќерка); |
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |

| | |
|---|---|
| V-A.5 | да ги препознава емоциите кај себе си и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-A.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе си и по другите; |
| V-A.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешниото во сопствените и туѓите постапки и да манифестира диблесни карактерни особини (како чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-A.11 | да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош. |
| V-A.12 | успешно да се справува со социјални притисоци; |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања, со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки; |

| | |
|---|---|
| V-А.20 | критички да ги анализира информациите и доказите според релевантни критериуми; |
| V-А.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| V-Б.1 | грижата за сопственото тело и редовното практикување физички активности е важен услов за обезбедување физичко и ментално здравје; |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.5 | од начинот на кој пристапува на решавањето на проблемите и разрешувањето на конфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени; |
| V-Б.6 | успехот во животот, во голема мера, зависи од целите што ќе си ги постави, а од начинот на кој ќе ги планира активностите и ќе го организира времето во голема мера зависи ефикасноста и ефективноста во остварувањето на поставените цели; |
| V-Б.7 | иницијативноста,упорноста, истрајноста и одговорностасеважнизаспроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| V-Б.10 | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| V-Б.5 | од начинот на кој пристапува на решавањето на проблемите и разрешувањето на конфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени; |

| | |
|---|---|
| V-Б.6 | успехот во животот, во голема мера, зависи од целите што ќе си ги постави, а од начинот на кој ќе ги планира активностите и ќе го организира времето во голема мера зависи ефикасноста и ефективноста во остварувањето на поставените цели; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| V-Б.10 | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование. |

## IV. Дигитална писменост

*Ученикот/ученичката знае и/или може:*

| | |
|---|---|
| IV-А.1 | да ги истражува и споредува можностите на познати и нови дигитални уреди и самостојно да процени, одбере и да ги користи тие што се најсоодветни за конкретна потреба и ситуација; |
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користењена ИКТ, да одбере и инсталира програми што му се потребни, да користи програми за заштита и да реши рутински проблеми во функционирањето на дигиталните уреди и мрежи; |
| IV-А.3 | да користи различни начини на организирање и безбедно чување и споделување на содржини на различни уреди и мрежи во дигиталното опкружување; |
| IV-А.4 | во соработка со други да анализира проблем, да развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ; |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/и сепотребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини, и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот; |
| IV-А.6 | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, даги анализира податоцитеи да ги претстави на различни начини почитувајќи ги правилата за користење; |

| | |
|---|---|
| IV-А.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби; |
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци; |
| IV-А.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор, ги почитува различните учесници и ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор; |
| IV-А.10 | да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност; |
| IV-А.11 | да планира и да развива секвенци од јасни инструкции за изведување конкретна задача и да ги прикаже како програмски алгоритам; |
| IV-А.12 | да истражува можности за користење на различни модели и симулации, комбинирање статични и динамички претставувања, звук, текст и слики за да модифицира или создаде едноставни креативни мултимедиумски продукти со конкретна намена и за определена публика; |
| IV-А.13 | да дефинира критериуми за квалитет на дигитални продукти и решенија вклучувајќи ги иновативноста и корисноста. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.2 | неодговорното и неумешното користење на ИКТ има ограничувања и може да носи ризици за поединецот или општеството; |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите што се достапни преку дигиталните уреди; |
| IV-Б.4 | во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и сајбер насилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето; |

| | |
|---|---|
| IV-Б.6 | мора да се почитува правото на интелектуална сопственост на продуктите достапни на дигиталните мрежи; |
| IV-Б.7 | неумереното и во несоодветна положба (неергономски) користење на дигиталните технологии може негативно да влијае на здравјето, личниот и социјалниотживот, а несоодветното складирање на дигиталниот отпад неповолно влијае врз животната средина. |

## VI. Општество и демократска култура

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| VI-А.1 | да објасни како општествените фактори влијаат врз личноста и средината и да ги зема предвид при формирање мислење и донесување одлуки; |
| VI-А.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-А.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-А.4 | да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно; |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.); |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација; |

| | |
|---|---|
| VI-А.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротиставува на него; |
| VI-А.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| VI-А.9 | да препознае ранливи групи во општеството и да учествува во и да подржува хуманитарни и волонтерски акции, |
| | да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предасудите кон припадниците на другите културни групи што се манифестираат во неговото/нејзиното опкружување; |
| I-А.19 | да ја објасни важноста на демократските процеси во општеството и да ги применува принципите на демократско учество во рамките на училиштето. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.) |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќиги и децата, имаатправодагиизразуваатсвоитемислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси, |
| VI-Б.3 | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот, |
| VI-Б.4 | неселективно почитување начовековите права и слободи е клучно за добросостојбата на поединците и за општестото во целина, |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата, |

| | |
|---|---|
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување за еднички јавен интерес, |
| VI-Б.7 | секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината, |
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и почитувањето на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество. |

## VIII. Уметничко изразување и култура

*Ученикот/ученичката знае и/или умее*

| | |
|---|---|
| VIII-А.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-А.2 | да ги идентификува различните манифестации на популарната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности; |
| VIII-А.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-А.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите што се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII-А.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитет на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

<table>
<tr><td colspan="2">Тема: Јас и другите– моето семејство, домот, моите пријатели и мојата околина<br>Вкупно часови: 24</td></tr>
<tr><td colspan="2">Резултати од учење:<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. правилно ги изговара гласовите на македонскиот стандарден јазик правејќи разлика во изговорот на гласовите во македонскиот и во мајчиниот јазик;<br>2. слуховно препознава правилно акцентирани зборови и правилно акцентира изучени зборови според правилата за акцентирање во македонскиот стандарден јазик.<br>3. користи лексика/зборови со коишто  точно се претставува себеси и соодветна лексика/зборови и фрази при запознавање со други лица;<br>4. ги именува, ги покажува и ги претставува членовите на своето семејство, нивните професии, пријателите и ги опишува домот и околината, користејќи ги формите на именките, придавките, заменките и глаголите сум и има;<br>5. користи зборови од речникот на македонскиот  јазик и го применува нивното правилно значење во комуникациски контекст/ситуација;<br>6. чита текстови на македонски јазик со извесни недоследности во изговорот и во поврзувањето на зборовите;<br>7. одговара на прашања, извлекува непознати зборови и зборовни изрази, препознава точен одговор, составува кратки реченици со едноставна содржина, во врска со текстовите што ги слуша и што ги чита.</td></tr>
<tr><td>Содржини (и поими):<br>А) Комуникациски модели<br>• Претставување себеси и претставување на лицата од најблиското опкружување, запознавање со други лица.<br><br>Се викам Енис. Се презивам Бајрам. Имам 12 години. Не сум петто одделение.Таа се вика Афродита. Тоа е мојот другар. Ова е брат ми. Тоа е мојот другар Агим.<br>Јас сум роден на ... Живеам на улица...</td><td>Стандарди за оценување:<br><br>• Се претставува себеси и претставува други лица  со точни едноставни зборовни изрази, ги наведува податоците за раѓање и за место на живеење.<br><br>• Правилно користи едноставни јазични модели за запознавање со други лица.<br>• Ги набројува членовите на семејството  и својата роднинска врска со нив, како и семејните односи на членовите од семејството.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| *Како се викаш ти? Од каде си? Колку години имаш? Каде учиш?*<br>*Со кого се дружиш најмногу?*<br>*Тие се брат и сестра.*<br>*Таа е твоја внука.* | |
| • Опишување на личните особини и на особините на лицата од најблиското опкружување, членовите на семејството и нивните професии:<br><br>*Јас носам очила.*<br>*Имам брат и сестра.*<br>*Тој е многу вреден.*<br>*Ние немаме вујко, имаме тетка.*<br>*Таа е насмеана.*<br>*Баба ми е изморена.*<br>*Нашите соседи се добри луѓе.*<br>*Другар ми не е мрзелив.*<br>*Каков ученик е Исмет?*<br>Не *живеам во стан. Марија и Филип живеат со мајка, татко, баба и дедо.*<br>*Кој е ова? Што работи тој/таа?*<br>*Татко ми е слаткар, прави баклава.*<br>*Сестра ми Нафије знае да танцува.*<br>*Чичко ми е земјоделец.*<br>*Хајул игра ракомет.* | • Ги претставува своите најважни лични особини.<br>• Наведува особини на лица од најблиското опкружување при што правилно ги користи: формите од глаголот *сум*, кратките форми на личните заменки и сврзникот *и* за поврзување делови од реченицата.<br>• Ги именува професиите на членовите од своето потесно и пошироко семејство, користејќи соодветна лексика.<br>• Прашува и одговара на прашања поврзани со личните особини, особините на лицата од најблиското семејство и нивните професии. |
| • Опис на домот и на неговото опкружување; вообичаени активности во домот<br><br>*Ова е мојот дом; таму е кујната, до неа е дневната, а оваа соба е моја. Во дневната* | • Го опишува својот дом и опкружувањето со соодветна лексика и набројува делови од мебелот и од опремата при што правилно ги користи формите на показните заменки, присвојните придавки и на глаголите *сум* и *има*.<br>• Ги наведува своите одговорности и активности во домот и ги споредува со оние на другите членови. |

| | |
|---|---|
| *има мала масичка, две фотељи и тросед, комода и уметнички слики. Овој кревет е мој. На таа маса пишувам. Под масата има килим. На масата има ваза.*<br><br>*Јас дома помагам да се исчисти дворот.*<br>*Јас дома сечам леб, ја чистам собата, бришам прашина и купувам вода.*<br>*Дали ти помагаш дома? Што помагаш ти дома?* | |
| • Градење свест за подобрување, одржување и разубавување на околината<br>*Мои омилени места во околината се...*<br>*Најубави игралишта има во...*<br>*Најмногу сакам да пијам вода од...*<br>*Најмногу сакам да одам на излет во...*<br>*За жал, во реката има многу пластични шишиња.*<br>*На фотографијата гледам трева, дрво и две клупи.* | • Посочува активности за одржување на хигиената на зелените површини и на другите природни убавини.<br>• Слуша, разбира и одговара на прашања/информации за загадување на околината.<br>• Образложува како треба да изгледа околината според прикажана илустрација или фотографија. |
| • Културна комуникација – честитање (празник, роденден, успех), заблагодарување, замолување, извинување, изразување почит; создавање и одржување позитивни и толерантни меѓучовечки односи)<br><br>*Благодарам! Повелете! Колку убав подарок!*<br>*Се извинувам што доцнам! Жал ми е.*<br>*Може ли да влезам? Те молам да ми се јавиш.*<br>*Не, благодарам, не сум гладна.* | • Правилно користи изрази за честитање, заблагодарување, замолување, извинување, изразување почит на македонски јазик;<br>• Ги споредува зборовите и зборовните фрази за честитање, заблагодарување, замолување, извинување, изразување почит во својот јазик со формите во македонскиот и ги наведува сличностите и разликите.<br>• Пишува пригоден текст за честитка, покана и сл. |

| | |
|---|---|
| *Повелете кај нас за Бајрам.* | |
| **Б) Лексика**<br>**Семејство, пријатели, дом**<br>• Именки: професии, наставничка, музичар, сликарка, космонаут, фризер, механичар, полицаец, инженер, доктор/докторка, шофер... Семејство (мајка, татко, син, ќерка, брат, сестра, дедо, баба), роднини (вујко, вујна, тетка, тетин, чичко, стрина...); Делови од домот (просторија, соба, дневна, кујна, спална соба, детска соба...); Имиња на празници;<br>• Заменки – показни заменки: оваа, овој, ова, овие<br>• Присвојни придавки: моја, твоја, своја, негова, нејзина<br>• Глаголи: сум, живее, допаѓа, сака, станува, се враќа, се извинувам, повелете, може ли, смеам ли, зборува, чита, гледа<br>• Сврзници и предлози: (и, или, а, туку; на, во, под, над, до) | • Ги употребува изучените именки кои означуваат професии, делови од мебел и делови од домот во нови примери.<br>• Правилно ги поврзува професиите со активностите кои произлегуваат од дадената професија.<br>• Ги именува и набројува предметите и деловите од мебелот кои се наоѓаат во просториите од неговиот/нејзиниот дом.<br>• Ги наведува поважните државни празници и поважните празници на етничките заедници во земјата каде живее, употребувајќи сопствени именки.<br>• Правилно ги поврзува припадниците на етничките заедници во земјата каде живее со верските и националните празници кои тие етнички заедници ги празнуваат, употребувајќи општи и сопствени именки и присвојни придавки.<br>• Ги употребува формите на показните заменки во кратки искази со изучени именки.<br>• Составува реченици/кратки искази со употреба на глаголи во соодветен контекст.<br>• Составува кратки реченици со сврзници и предлози (и, или, а, туку; на, во, под, над, до) |
| **В) Фонетика и правоговор**<br>• Правилен изговор на гласовите од македонскиот гласовен систем; Поделба на гласовите<br>• Акцент<br>**Г) Граматички структури**<br>Именки | • Ги изговара правилно гласовите од македонскиот гласовен систем со посебно внимание во изговорот на согласките х, л, љ, њ, ј, ф, с, ч, ќ, ѓ.<br>• Ги разликува самогласките и согласките во даден збор.<br>• Ги дели зборовите на слогови и правилно го бележи тоа. |

| | |
|---|---|
| • Видови именки: сопствени (имиња на лица и имиња на географски поими – градови, села и држави: *Јас сум Блерант*. *Од Куманово сум*.); општи (само конкретни: куќа, клупа, маса)<br>• Граматичката категорија *род* кај именките<br>Заменки - Лични заменки<br>• Формите на личните заменки за индиректен предмет во еднина, со значење на присвојност: *мајка ми, сестра ти, татко му, брат ѝ*<br>• Показни заменки (тој, таа, тоа, тие; овој, оваа, ова, овие; оној, онаа, она, оние)<br>Глаголи<br>Употреба во соодветно лице и број<br><br>Сврзници<br>• Значење и употреба на сврзниците за поврзување на делови од реченицата и на едностави дел-реченици (*Јас и Мерита седиме во иста клупа*. *Тој седи и чита*.; *Ти читаш, а таа пишува*.; *Тој знае македонски, но не знае турски*.)<br><br>Синтакса<br>• Употреба на зборовни изрази од придавка и именка (именска група): *голем град; мои(те) другари*<br>• Проста реченица | • Репродуцира правилно акцентирани изучени зборови при читање и во разговор.<br>• Разликува примери на сопствени и општи именки.<br>• Креира (4-5) реченици употребувајќи општи и сопствени именки.<br>• Ги разликува именките според граматичката категорија род и број.<br>• Правилно ги применува именките според граматичката категорија род и број во усната и писмената комуникација.<br>• Ги идентификува личните заменки укажувајќи на учесниците во разговорот/говорната ситуација: зборувачот (јас), соговорникот (ти), она за што се зборува (тој/таа/тоа).<br>• Ги идентификува и употребува формите на личните заменки за индиректен предмет во еднина, со значење на присвојност.<br>• Ги идентификува и употребува показните заменки во различни говорни ситуации.<br>• Ги препознава формите на глаголите во однос на другите зборовни групи.<br>• Ги разликува глаголите според граматичките категории лице и број и правилно ги употребува.<br>• Ја разликува потврдната и одречната форма на глаголите сум и има и правилно ги употребува.<br>• Ги разликува сврзниците во однос на другите зборовни групи при нивната употреба во реченицата.<br><br>• Правилно употребува зборовни изрази од придавка и именка во реченица.<br>• Креира реченици и идентификува правилен и неправилен зборoред во проста реченица. |
| **Д) Читање со разбирање и слушање со разбирање; пишување**<br>• Слушање и читање куси текстови со едноставна лексика, дијалози и реченици со едноставна граматичка структура | • Слуша и чита нови зборови, дијалози и кратки текстови.<br>• Слуша, чита и одговара на кратки прашања поврзани со дијалозите и со кратките текстови.<br>• Пишува краток дијалог по даден модел.<br>• Пишува краток врзан текст (4-5 реченици) со правилна употреба на зборoредот на реченицата. |

| | |
|---|---|
| • Пишување (самостојно или по диктат) | • Правилно употребува голема буква кога ги пишува имињата, презимињата и прекарите, имињата на животните, имињата на жителите на континенти, држави, области, национална припадност.<br>• Правилно користи точка, прашалник и извичник кога пишува по диктат или самостојно. |
| **Ѓ) Интеркултурни содржини**<br>• Што нè поврзува, а што нè прави различни<br><br>• Празници и обичаи за празнување, честитање<br>Бадник, Божиќ , Водици, Свети Сава, Бајрам, Велигден, Ѓурѓовден, Меѓународен ден на Бошњаците, Ден на наставата на турски јазик и сл.<br>(честитање семејни празници, родендени и имендени, честитање принова во семејството и различни успеси, градење нова куќа, пречекување гости) | • Ги препознава основните елементи на културата: јазикот, обичаите, традицијата, храната, фолклорот.<br>• Го објаснува меѓусебното влијание на културите на различните етнички заедници кои живеат заедно.<br>• Ги препознава празниците карактеристични за етничките заедници во државата кои се поврзани со нивниот културен идентитет и го наведува нивното значење.<br>• Ги препознава Бајрам, Божиќ и Велигден како верски празници и ги опишува обичаите карактеристични за нивното празнување.<br>• Ги препознава и применува карактеристичните поздрави и честитања во различни ситуации.<br>• Ги препознава и презентира преку кратки фрази научените разлики и сличности во културата на празнувањата и честитањата. |

**Примери за активности**

*Примерите главно обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Учениците си прават лични карти на наставен лист на кој имаат инструкции: мал портрет, име и презиме, датум на раѓање, место на раѓање, место на живеење. Учениците прво работат индивидуално, а потоа во пар, усно го презентираат сработеното.
- Учениците се на училишна забава, шетаат низ училницата и се запознаваат со „ученици од другите паралелки“. Пример, *Колку години имаш? Кое одделение си? Со кого се дружиш?*
- Учениците носат свои фотографии и од членовите на семејството. Ги набројуваат членовите на семејството,  користејќи соодветни фрази (показни заменки, глагол сум, лексика за роднински релации): *Ова е брат ми.Се вика Есад. Ова е сетра ми, се вика Есин. Тие се брат и сестра.Таа е твоја внука.*
- Учениците самостојно се претставуваат со некоја своја особина или карактеристика: *носам очила, свирам на гитара*...

- Учениците преку цртеж или фотографија истакнуваат некоја своја особина или особини на лица од најблиското опкружување со правилно користење на: глаголот *сум*, формите на личните заменки и сврзникот *и* за поврзување делови од реченицата *Таа е среќна. Тој е насмеан. Тие се радуваат и јас се радувам со нив.*
- Учениците работат во парови. Едниот ученик има слика од одредена професија, на пример доктор/наставник/ механичар... Треба да ја опише професијата на соученикот, а соученикот се обидува да го нацрта она што го слуша за потоа да ги споредат цртежите. *Тој е доктор, носи очила, слушалки, бел мантил. Таа е наставничка. Носи дневник, книги, тетратки, прибор и креда.*
- Учениците играат игра: Што работи таа/тој? Ги наведуваат професиите и што работи личноста која ја има таа професија(нејзината активност).
- Учениците преку цртеж го претставуваат својот дом или некоја конкретна соба при што правилно ги употребуваат формите на показните заменки и на глаголите *сум* и *има; пр. Ова е мојот дом. Тој има голема куќа. Таа има мал кревет. Во дневна има голем тросед и две фотељи.*
- Учениците во пар си поставуваат прашања и одговараат:- *Кои се твоите задолженија дома? Моите задолженија дома се да го наместам креветот, да внимавам на хигиената во домот, да одам на пазарење со моите родители, да помагам секогаш кога е потребно. - Кои се твоите одговорности како ученик во шесто одделение? Моите одговорности како ученик во шесто одделение се да не доцнам, да ја напишам домашната задача, да внимавам на часовите.*
- Учениците преку цртеж ја претставуваат својата и активноста на други лица од своето семејство. Цртежот го опишуваат усно, со правилна употреба на показните заменки и глаголите *сум и има*. Пример, *Ова е мојот двор. Јас садам цвеќе. Баба ја полева градината. Ова е брат ми, брише прашина. Ова е мајка ми, таа готви.*
- Учениците се поделени во групи, играат Домаќинство. Секоја група го претставува своето домаќинство.
- Учениците симулираат и се замолуваат меѓусебно за извршување некоја работа во домот, дворот, блиската околина ( Те молам.....).
- Дискусија / разговор: На каков начин им помагате на повозрасните членови на семејството?
- Учениците симулираат ситуации од реалниот живот. Поделени се во две групи. Натпревар „Кој подобро ќе ја одржува зелената површина во нашето маало?“ Едната група гази по тревата, фрла отпадоци, не ги полева цвеќињата со вода. Другата група, ги фрла отпадоците во корпа, ги полева цвеќињата со вода, не гази по тревата. Секоја група ги опишува своите активности.
- Учениците добиваат илустрации со примери на загадување на околината. Ги набројуваат сите форми на загадување на околината.
- Учениците гледаат во цртеж кој е еколошки беспрекорно чист. Го опишуваат како пример за чиста еко - средина.
- Учениците симулираат ситуации од секојдневниот живот и употребуваат фрази:– *Честитки за дипломирањето! – Ве молам да ми помогнете! – Извинете, не сакав да Ве повредам.*
- Учениците работат во групи. Изработуваат честитка/покана , а потоа пишуваат пригоден текст за честитката/поканата.
- Учениците се поделени во парови или во групи. Секој пар/група добива ливче со назив за некоја професија која треба да ја објаснат без зборови на соученикот/соучениците. Останатите погодуваат користејќи фрази: Ти си фризерка; Не, јас не сум механичар...

- Учениците носат фотографии со најразлични професии (инженер, механичар, доктор/докторка, наставник/наставничка, ) на членовите од семејството, ги именуваат на нивните улоги и релации во семејството и нивните професии, пример, *Мојот татко е земјоделец*, поврзуваат - *Мојот татко и таткото на Селда се земјоделци* и објаснуваат *Тие се браќа*.
- Учениците изработуваат/моделираат соба. Секој ученик од дома носи по една кутија за чевли, фломастери, кутивчиња од кибритчиња, ножички, лепило, хартија, самолеплива хартија. Учениците се делат во парови и секој пар добива задача да изработи модел на една соба по договор. По завршување на активноста секој пар добива задача да ја презентира својата изработка, опишувајќи што има во собата.
- Учениците се делат во парови и прават сложувалка на тема „Мојата соба“. Секој ученик добива плик со делови од сложувалка која кога ќе се состави се добива соба. Учениците добиваат различни сложувалки. Секој пар добива 10 минути време за да ја состави и залепи сложувалката и потоа ја презентира опишувајќи, пример: *Ова е дневна соба. Во оваа дневна соба има голем телевизор и жолта фотелја. Тоа е голем прозорец, а ова е тросед.*
- Учениците разговараат на тема: Кој што прославува?
- Ученикот добива илустрација со цртежи со основните елементи на културата, а ученикот треба да напише за која култура станува збор. (народната носија, карактеристична за македонската/српската култура...)
- Учениците работат во групи при што имаат задача да симулираат: честитање празник, честитање постигнат успех на спортски натпревар и сл. (Велигден, Бајрам, Ѓурѓовден, Свети Сава, Видовдан)
- Симулации: Подарување и примање подароци (Денес ми е роденден! Денес ми е именден!)
- Игра „Меморија“- (учениците се делат во неколку групи во кои е напишан пример (празник , роденден, слава ) и треба да се сетат како правилно да ги употребат фразите/изразите ....Честит Бајрам , Среќен роденден и слично )
- Учениците слушаат аудиоснимки за значењето на одреден празник/гледаат видео, а потоа опишуваат празници (аудиоснимка претходно обезбедена во која се слуша/обработува тема од значењето на одреден празник. Учениците добиваат на крајот наставен лист со прашања: За кој празник се зборуваше во видеото / аудиоснимката ? Како се поздравија меѓусебе ? .....)
- Учениците се мотивираат со визуелен материјал на изучената тема да составуваат реченици/кратки искази со употреба на глаголи во соодветен контекст.*Пр. Јас сум Мерсиха, живеам во... Имам 12 години. Сакам да читам и да сликам. За роденден добив водени бои.*
- Учениците добиваат слика, илустрација на која е претставена некоја просторија од домот. Имаат задача да составуваат кратки реченици со сврзници и предлози (и, или, а, туку; на, во, под, над, до) кои гласно ги споделуваат и меѓусебно се коригираат.
- Учениците добиваат листи со зборови кои се заситени со гласот кој треба да го вежбаат и во негови различни позиции (х, л, љ, њ, ј, ф, с, ч, ќ, ѓ). Се мотивираат да кажат и самите збор кој го содржи гласот кој го вежбаат за изговор.
- Учениците гледаат аудио визуелен материјал каде се покажува артикулацијата на одреден глас/гласови, односно изговорот на самогласките и согласките. Ги разликуваат и ги изделуваат самогласките од согласките како гласови. Потоа пишуваат зборови и по насока на наставникот ги делат на слогови, увидуваат дека слогот има согласка и самогласка.

- Учениците се поделени во парови, а секој пар има сино и црвено картонче. Добиваат кратка листа на зборови и ги делат на слогови. Секој пар ја дели на слогови својата листа на слогови и го презентира тоа гласно. Соучениците креваат сино за точно, или црвено за неточно делење на зборовите на слогови. Наставникот на табла ја потврдува точноста.
- Учениците следат презентација со кратки реченици во кои е застапено р и слоготворно р. *Вчера дојдов прв на училиште. Во телото имам крв*. Учениците добиваат задача да ги пронајдат зборовите во кои има р, а потоа и зборовите во кои има само согласки. Се објаснува улогата на пронајденото р меѓу зборови составени од согласки, а учениците добиваат гердан од зборови со самогласно р: прв, врв, црв, срна...кој треба со помош на наставникот да го дополнат.
- Учениците слушаат краток текст, потоа го добиваат да го прочитаат на глас и внимаваат на акцентирањето на зборовите.
- Учениците добиваат листа со именки, општи и сопствени, ги подредеуваат и даваат пример од кратка реченица со секоја од нив.
- Учениците добиваат наставен лист со насока пополни го празното место со Т табела во која има дадено зборови од еднина и од множина и учениците ќе треба да ги пополнат празните места. *Пример: телевизор - _________; _____________- маси .... и сл.*
- Учениие се поделени во групи, секоја група добива листа од именки и ги кажува менувајќи ги по род и по број. Потоа составуваат кратки реченици кои ги запишуваат на таблата и ја проверуваат нивната точност.
- Учениците симулираат разговор при што соодветно ги користат лините заменки. Пример: Ти имаш твоја соба? Јас имам моја соба. *Ти имаш топка? Јас немам, но таа има топка*.
- Учениците добиваат картички со илустрации. Секој има задача да каже по една реченица користејќи соодветен глагол употребувајќи го соодветниот број и лице.
- Учениците ја играат играта: *Има:нема*. Пример: *Сефо има жолта капа, но нема зелена капа. Маја има црвено пенкало, Бехија има сино, а Агим нема пенкало, тој има моливи.*
- Учениците добиваат мала листа од именки. За секоја именка пишуваат онолку придавки колку што знаат дека одговараат сопоставувајќи ги по род и број.
- Учениците вежбаат употреба на сврзници. Пример : Од продавница купив јаболка , круши __ леб. Јас спијам, ___ти пишуваш домашна. *Тој знае македонски - не знае турски* и сл.
- Учениците добиваат реченици кои имаат точен и погрешен зборোред. Со знакот точно го обележуваат точниот зборо ред, а погрешниот го коментираат и поправаат.
- Учениците слушаат текст, ги детектираат новите зборови, а потоа го репродуцираат.
- Учениците во пар читаат дијалог, а потоа ги читаат и прашањата за информациите во дијалозите. Одговараат пред сите во паралеката, наизменично.
- Учениците добиваат листа на новоизучени зборови и пишуваат краток дијалог по даден модел.
- Учениците пишуваат краток врзан текст со правилна употреба на зборoредот на реченицата на тема која ја изучуваат (професии, дом...)

- Учениците добиваат работен лист со реченици во кои сите зборови се напишани со мали букви. Учениците треба да употребат голема буква онаму каде што е потребно, во согласност со правилото за голема буква кај сопствените именки ( секоја недела сум на водно со мојот брат марко/есин доаѓа од германија утре. Таа има многу пријатели од европа.)
- Учениците пишуваат по диктат. Потоа поделени во двојки се проверуваат преку точно напишан пример на таблата за правилна употреба на точка, прашалник и извичник.
- Учениците играат Меморија. Добиваат картички со збор, сликичка од јадење или носија и ја поврзуваат со етничката заедница на која се однесува илустрацијата на картичката.
- Учениците гледаат и коментираат илустрации под кои стои текст: *Ова е Мустафа, тој го слави Бајрам. Ова е Костадин, тој го слави Божиќ. Ова е Лејла и Фатма, и тие го слават Бајрам. Ова е Милица, таа го слави Видовден.*
- Учениците се поделени во групи, меѓусебно разговараат и симулираат заедничка прослава *носејќи соодветни традиционални јадења* на прославата.
- Учениците се поделени во групи, во секоја група добиваат задача да честитаат одреден празник. Секоја група упатува честитки до друга група.
- Учениците составуваат по три реченици и цртеж во кои ќе ги искажат различните и заедничките нешта во однос на празниците и културата.
- Учениците реализираат проектна активност – Традиционалната музика на моите соседи. Поделени се во групи, собираат податоци и снимки за музиката на друга етничка заедница и презентираат на часовите.

Тема: **Училиште, место на живеење, интереси и слободно време**

Вкупно часови: 28

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. поттикнува или се вклучува во разговор поврзан со соодветен комуникациски контекст/ситуација;
2. ги изговара правилно новите зборови и ги употребува во соодветни јазични контексти;
3. го претставува своето училиште и дава насоки за ориентација во простор;
4. набројува активности за време на час/одмор, летен/зимски распуст, планови за игри и патувања;
5. го опишува и споредува со други, местото во кое живее користејќи именки, придавки, броеви, присвојни придавки;
6. составува реченици и учествува во разговор и употребува правилни граматички форми на теми од училиштето и училишните активности, опис на своето место на живеење, ориентација во простор и сообраќај, хоби и спорт;
7. ја репродуцира и објаснува со свои зборови содржината на слушнат или прочитан текст;
8. пишува краток текст според поставени насоки или прашања користејќи изучени фрази и лексика.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| **А) Комуникациски модели**<br><br>• Моето училиште<br>Опис на училиштето и училишниот живот; вообичаени училишни активности( бришење табла, решавање задачи на часовите, учество во спортски и други училишни натпревари и вонннаставни активности)<br><br>*Ова е моето училиште.... Моето училиште се вика... Учам во ... одделение. Во училиштето има училници /кабинети по.../ Канцеларија за ...*<br>*Во училиштето работат: наставници, педагог, психолог, дефектолог.. Седам во трета клупа. До кого седиш ти?*<br>*Седам до Ајтене. Седам до Мерт.*<br>*Сакам да пишувам на табла.*<br>*Наставничката има многу книги на масата.*<br>*По часовите одиме во слаткарница.*<br>*В училиште Селвие доаѓа со количка.* | • Го опишува своето училиште, училницата и нивното опкружување со соодветна лексика.<br>• Ги наведува активностите на часовите.<br>• Наведува активности и случки од училиште.<br>• Ја илустрира својата активност и активностите на други лица во училиштето и надвор од него. |
| • Патот од дома до училиште (мојот пат од дома до училиште, банка, болница, пазар, супермаркет, продавница, трговски центар, пошта ....)<br>*Опиши го твојот пат до училиште*.<br>*По патот до училиште поминувам покрај пазар, трговски центар и пошта.* | • Правилно поставува прашања и дава насоки за ориентација во простор /место и време.<br>• Го објаснува патот до училиште, користејќи изрази за културна комуникација.<br>• Поставува соодветно прашање според говорната ситуација. |
| • Зимски и летен распуст<br>*Кога почнува зимскиот распуст? Кога почнува летниот распуст?* | • Наведува активности што ќе ги прави на распустот: игри и патувања.<br>• Ги искажува своите планови употребувајќи идно време во исказите.<br>• Ги наведува месеците во годината и годишните времиња. |

| | |
|---|---|
| *Во кои месеци одиме на училиште? Во кои месеци сме на распуст?*<br><br>*Активности за време на летен и зимски распуст*<br>*Ајде да играме: Не лути се човеку / монопол/ карти! Да, ајде да играме.*<br>*Не можам сега, ќе играме подоцна.*<br><br>Планови за патување (употреба на идно време)<br>Ова лето/оваа зима ќе одам во Струга/во Берово/во Маврово/на море во...<br><br>• **Моето место**<br>*Во моето место(село, град, населба) има/нема плоштади, булевари, главни улици, амбуланта, пошта, трговски центри, банка, кина ...*<br><br>Сообраќај и насоки на движење<br>*Извинете, како да стасам до .... Дали може да ми помогнете да стасам до .... Да, одете право/лево/; свртете десно по улица ... Од десна/лева страна се наоѓа ... , зад маркет свртете десно...*<br><br>*Јас до училиште одам пешки. Јас патувам со автобус. Јас патувам со комбе.*<br>*Агим се вози со велисипед, а Мерсиха вози електричен тротинет до училиште.*<br><br>*Ова е /таму има: раскрсница, пешачки премин, тротоар, велосипедска патека.* | • Ја опишува својата околина и ги именува најважните карактеристики на местото на живеење користејќи изучена лексика.<br>• Го опишува местото на живеење и прави споредба со други средини за живеење (село, град, населба).<br>• Правилно ги именува објектите и институциите што се наоѓаат во местото наживеење.<br>• Користи соодветна лексика објаснувајќи го своето движење во сообраќајот.<br><br>• Наведува насоки на движење, објаснувајќи го однесувањето во сообраќајот.<br>• Правилно поставува прашања за ориентација во простор и следи инструкции.<br>• Опишува пат/начин на движење низ средината во говорни ситуации.<br>• Објаснува и дава инструкции каде живее.<br>• Го опишува местото на живеење и неговите значајни објекти на мапа.<br>• Прашува и одговара на прашања поврзани со патување, час на тргнување и пристигнување, купување билети. |

| | |
|---|---|
| *Правила во сообраќајот: почитување на семафор, сообраќајни знаци и движење како пешак или велосипедист (Треба да се движам по пешачка патека/тротоар/велосипедска патека.)*<br><br>*На автобуска, на железничка станица:*<br>*Колку чини билетот за Скопје? Во колку часот тргнува автобусот/возот за Битола? Од кој перон тргнува автобусот/возот?*<br><br>• **Интереси, хоби и слободно време**<br><br>*Сакам да читам книги.*<br>*Не треба да играм игри на компјутер.*<br>*Не сакам да пеам.*<br>*Дали сакаш да готвиш?*<br>*Ние сакаме да се дружиме со другите.*<br>*Ми се допаѓа таа книга.*<br>*Дедо ми прави убава пита.*<br>*Артан сака да танцува.*<br><br>*Тој не знае да пишува на македонски јазик*<br><br>*и сака на научи.*<br><br>*Што сака да чита?*<br>*Каде сака да игра фудбал?*<br><br>• Омилен спорт, спортска опрема и реквизити<br>Разговараме за омилен спорт<br><br>*Јас играм фудбал и мој идол е... Што моислиш дали тој е најдобар? Денеска родителите ми купија...* | • Користи изрази според следните јазични модели: *Сакам да...;Не сакам да...; Ми се допаѓа...; Не ми се допаѓа...; Дали сакаш да...; Дали можеш да...*<br>• Ги наведува своето хоби и различните интереси и активности за слободното време.<br>• Дава примери со усвоени зборовни изрази за различните интереси и активности во слободното време на роднините и другарите од најблиското опкружување.<br>• Наведува спортови и објаснува кој му е омилен спорт за играње.<br>• Наведува опрема и реквизити за омилениот спорт.<br>• Го опишува го својот спортски идол/личност од спортот.<br>• Наведува правила за ферплеј игра, користејќи изучени зборовни изрази. |

| | |
| --- | --- |
| Однесување на спортски натпревар, почитување на другиот, различниот од себе | |
| **Б) Лексика**<br>• Именки<br>Простории во училиштето, наставничка канцеларија, канцеларија на директорот/секретар/дефектолог/психолог/педагог, спортска сала, ходник, училници, библиотека...<br>Годишни времиња: пролет, лето, есен, зима<br>Место на живеење: село, населба, град<br>Превозни средства: автомобил, автобус, велосипед, електричен тротинет...<br>Сообраќај: семафор, булевар, главна улица, раскрсница, сообраќајни знаци<br>Игри, спорт и видови спорт, забава: фудбал, тенис, кошарка, ракомет... зоолошка градина, аква парк, театар, кино...<br>• Глаголи: игра, пишува, црта, зборува, разговара, се дружи<br>• Прилози за место: лево, десно, напред, назад | • Ги набројува просториите во училиштето.<br>• Го опишува своето место на живеење набројувајќи објекти и институции.<br>• Ги именува и набројува превозните средства со кои патува до најблиското населено место.<br>• Користи соодветна лексика при опис на движење во сообраќајот.<br>• Набројува спортски забавни игри, спортови и спортска опрема.<br>• Ги наведува местата и објектите кои ги посетува во слободното време. |
| **В) Граматички структури**<br>• Именки<br>Граматичката категорија *број* кај именките: обичната множина кај именките (пример: молив – моливи, ѕид – ѕидови; маса – маси; училиште – училишта, село – села, пиле – пилиња)<br>• Придавки | • Разликува обична множина кај именките.<br>• Создава кус текст (од 4-5 реченици) каде правилно ја употребува обичната множина кај именките.<br>• Идентификува придавки и соодветно ги употребува сопоставувајќи ги со именките. |

| | |
|---|---|
| Видови придавки: описни придавки и бројните придавки за искажување редност (*од еден до десет: шесто одделение, прва награда*)<br>Граматичките категории кај придавките – *род* и *број*; согласување на придавките со именките според овие граматички категории (*нов ученик, нова книга, ново одделение*; *нови тетратки*)<br>Присвојни (заменски) придавки: *мој, моја, мое; твој, твоја, твое; негов, негова, негово; нејзин, нејзина, нејзино; наш, наша, наше; ваш, ваша, ваше; нивен, нивна, нивно* | • Правилно ги користи описните и бројните придавки во усната и писмената комуникација.<br>• Го разликува односот помеѓу присвојните заменски придавки: мој/а/е/и; твој/а/е/и/, негов/а/о/и.<br>• Правилно ги применува присвојните заменски придавки во усната и писмената комуникација. |
| • Формите на личните заменки за директен предмет во еднина (*мене, ме; тебе, те; него, го, неа, ја*) | • Користи форми од личните заменки за директен предмет во еднина (мене ме, тебе те, него го , неа ја) |
| • Броеви<br>Броевите од 1 до бројот 100<br>Формите за род кај броевите *еден* и *два (едно дете, две книги)*<br><br>• Глаголи<br>Граматичките категории лице и број кај глаголите<br><br>Граматичката категорија време кај глаголите (сегашно време, идно време) *Што правиш? Учам/читам/седам. Беше ли вчера на трениниг? Да бев/Не бев на тренинг. Уште ќе одам на тренинг.*<br><br>Сегашно, идно и минато определено несвршено време од глаголите *сум* и *има* | • Ги препознава и правилно ги користи броевите од 1 до 10, десетките и бројот 100.<br>• Ги разликува формите за род кај броевите еден и два во комуникациски ситуации.<br>• Ги наведува прашалните зборови (што, кој, каде, кога, зошто, колку, како?).<br>• Формира реченици употребувајќи ги прашалните зборови (што, кој, каде, кога, зошто, колку, како?).<br>• Ги идентификува формите од помошниот глагол сум во сегашно и минато определено несвршено време.<br>• Составува искази со употреба на соодветно време за изразување одредено дејство.<br>• Правилно ги користи предлозите (над , под , околу, до ...) во усната и писмената комуникација.<br>• Правилно ги користи прилозите во усна и писмена комуникација. |

| | |
|---|---|
| Повратни глаголи(*се мие*, *се подготвува*)<br><br>Значење на глаголите (дејство – *игра, чита, скока*; состојба – *седи, спие, сонува, размислува*; природни појави – *врне, грми, дува*)<br><br>• Прашални зборови: дали; што, кој; каде, кога, колку, зошто, како; каков<br><br>• Предлози и прилози<br>Значење и употреба на предлозите: во, на, со, од, до, за, кај, над, под, пред, зад; вчера, денес, утре. | • Ги разликува сврзниците во однос на другите зборовни групи правилно употрбувајќи ги (и, но, а).<br>• Идентификува правилен и неправилен зборород во реченицата. |
| **Г) Читање со разбирање и слушање со разбирање; пишување**<br>• Слушање и читање куси текстови со едноставна лексика, со прости реченици и со едноставни сложени реченици<br>• Пишување краток текст | • Чита и слуша со разбирање кратки текстови издвојувајќи непознати зборови од текст.<br>• Прашува и одговара на поставени прашања за текстот.<br>• Составува коментар за прочитаното со една – две реченици.<br>• Чита правилно со почитување на интерпункциски знаци и правилно акцентирајќи.<br>• Пишува кратки насоки за движење во училиштето и местото на живеење.<br>• Пишува краток текст од 4-5 реченици користејќи изучена лексика за своето хоби и омилениот спорт.<br>• Пишува со правилна употреба на голема буква, точка, прашалник, извичник. |
| **Д) Интеркултурни содржини**<br>• Денот на училиштето<br>• Спортот - место за дружење<br>• Знаменитости во местото на живеење (верски објекти, споменици, археолошки наоѓалишта) | • Опишува и објаснува како се празнува *Денот училиштето*.<br>• Учествува во разговор за спортски натпревар и навивање, почитување на другиот, различниот од себе.<br>• Опишува и разликува соодветно од несоодветно однесување на спортски натпревар/концерт.<br>• Ги набројува и запишува знаменитостите во своето место на живеење.<br>• Ги препознава и илустрира разликите во изгледот на верските објекти. |
| **Примери за активности** | |

*Примерите главно обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Поврзување на сликичка со зборовен израз: Овие двајца разговараат. Тие седат на клупа. Таа е висока. Марија има жолта книга, зелен голем молив и мала црвена тератка.
- Учениците покажуваат на илустрации и ги именуваат сите простории од училиштето, а потоа ги репродуцираат лексичките единици. *Ова е наставничка канцеларија. Тоа се училници. Тоа е канцеларијата на психологот. Ова е училишната библиотека.*
- Учениците го читаат прашањето на таблата: Кој што прави? Кажуваат по една реченица која вклучува училишна активност: Блерим брише табла. Мерита решава задача. Абдул чита. Маре пишува.
- Учениците на цртеж се претставуваат себеси со некоја активност карактеристична за на часови или воопшто за во училиште, а потоа цртежите ги лепат на табла. Кажуваат по една реченица за илустрираното.
- Говорна вежба : Дали можете да ми кажете како да стасам до ....?
- Учениците играат игра „Мапа“ . Учениците цртаат мапа како да стасаат до училиштетото. Импровизираат ситуации. –Добар ден! – Добар ден! Како да стасам до училиштето „...“?
- Учениците симулираат ситуации од секојдневниот живот избирајќи ги прашање според конкретна говорна ситуација. *–Добро утро! – Добро утро! –Се извинувам,каде се наоѓа училиштето „...“? –Училиштето „...“ се наоѓа на крајот од главната улица од десна страна. Ви благодарам многу. Имајте убав ден.-Молам. Убав ден.*
- Учениците имаат сликички, илустрации на кои има деца кои играат со топка, на игралиште, покрај вода, во автобус. Учениците смислуваат по еден исказ/реченица според сликичката за активноста која ја гледаат: *Блерим игра со топка цело лето. Џемиле (ќе) патува во Ресен. Мирсад и Лејла пливаат...*
- Учениците ја играат играта: *Овој распуст јас ќе* ... Секој има задача да каже барем по една реченица со која ќе ги изрази своите планови.
- Учениците работат во двојки, редат катички со називите на месеците. Потоа за секој месец смислуваат по една реченица. (Во јануари вее снег. Во јуни е топло....)
- Учениците добиваат картички со сликички со годишните времиња. Се натпреваруваат преку играта „Кој прв ќе погоди?“. Еден ученик зема картичка и го опишува годишното време. Кој прв ќе го погоди? *Времето е сончево. Денот е долг. Децата играат на плажа. – Тоа годишно време е лето.* Ученикот опишува што вообичаено прават за време на летниот распуст.
- Учениците преку цртеж го илустрираат своето место на живеење. Своите цртежи ги лепат на хамер. Потоа опишуваат користејќи фрази: Во моето место има: две основни училишта, голем пазар, амбуланта...
- Учениците опишуваат и споредуваат: *Во Скопје има ...но во Сарај има ... Во Ресен има јаболки, но нема зеленчук.*
- Учениците набројуваат институции од своето место и ја кажуваат нивната функција. *Пр. Во моето место има театар, Драмски театар/Народен театар/ Природнонаучен музеј - Струга.*

- Учениците со играчки: велосипедист, автомобилче, пешаци симулираат движење во сообраќај објаснувајќи го движењето. Пр. *Вртам десно на раскрсница кон училиште. Возам право до пешачкиот.*
- Учениците играат игра со навигација, еден ученик вози спортски автомобил, а друг му кажува на „слушалки" како да се движи (право, десно, лево, напред, назад...). Учениците ги менуваат улогите на возач и навигатор.
- Учениците симулираат разговор за правци во сообрачајот: *Извинете каде е амбулантата? Одете право, до крајот на улицата, потоа свртете лево, третиот објект лево со број 5 е амбулантата.*
- Учениците разговараат во парови и пред одделението објаснуваат каде живеат: *Живеам две улици подолу, жолта куќа на улица „Македонија".*
- Ученикот прави своја мапа и го илустрира своето место на живеење. Ова е местото ... *Јас живеам во .... на улица .... Во моето место има: булевари/мали улици/една главна улица....Има пет големи маркети и три игралишта ...*
- *Учениците се поделени во групи: едни посетуваат градска, едни меѓуградска автобуска станица, трети железничка станица каде треба да се информираат за времето на тргање на автобусот/комбето/возот и за цената на билетот. Групите ротираат. Секој разговор е пред одделението.*
- Учениците симулираат различни дијалози: *Што сакаш да правиш во слободно време/ Што не сакаш да правиш? Сакам да слушам музика./Не сакам да пешачам. Дали сакаш да одиме на гости? Сакам да одиме на гости./Не сакам да одам на гости.*
- Учениците разговараат за своето хоби, различните интереси и активности во слободно време. *Ти пишуваш песни во слободно време. Ти одиш на ракомет? Да, јас одам на ракомет. Кој ден одиш на ракомет? Одам во понеделник,во среда и во петок. Што прави твојата сестра во слободно време? Таа во слободно време трча и вози велосипед.*
- Учениците разговараат за спорт, го истакнуваат својот омилен спорт и неведуваат опрема потребна за тој спорт.
- Учениците носат фотографија од својот идол во спортот. Го опишуваат својот омилен спорт и својот спортски идол.
- Учениците поминуваат низ целото училиште. Ги разгледуваат и именуваат сите простории, а потоа ги репродуцираат лексичките единици. Пр. *Ова е спортска сала, а ова е просторија за состаноци.*
- Учениците добиваат картички со сликички со годишните времиња. Се натпреваруваат преку играта „Кој прв ќе погоди?". Еден ученик зема картичка и го опишува годишното време. Кој прв ќе го погоди? *Времето е сончево. Денот е долг. Децата играат на плажа. – Тоа годишно време е лето.* Ученикот опишува што вообичаено прават за време на летниот распуст.
- Учениците добиваат фотографии од село, населба и град. Поделени се во три групи. Секоја група има по една фотографија. Ги пишуваат позитивните и негативните страни, а потоа го презентираат напишаното. *На нашата фотографија има населено место град. Во град има големи трговски центри, има многу големи маркети, има големи згради, детски паркови, големи игралишта, железничка станица...*
- Ученците работат во парови, добиваат фотографии со најразлични превозни средства. Фотографиите се лепат на грбот на секој ученик. Едниот ученик го опишува превозното средство, а другиот се обидува да го погоди и именува. Потоа секој кажува каде го користи превозното средство. *Пр. велосипед. Има две тркала, педали, волан, едно седиште. Со велосипед се возам низ соседството.*

- Учениците играат Меморија, добиваат сликички од различни спортови и од реквизитите од тој спорт.  Најдениот пар во играта се користи за создавање кратки реченици. *Пр. Фудбал се игра со топка.*
- Учениците се поделени во групи. Секоја група има задолжение да напише десет именки и за  множинските форми за истите. Потоа со употреба на истите именки пишуваат примери од 4-5 реченици.Пр. Јан вози велосипед. Сара остри молив. Мире чита песна. Сите сакаат бонбони. Секоја група го чита својот текст.
- Учениците работат во парови. Едниот ученик ја кажува именката, другиот придавката, а потоа ги заменуваат улогите. Учениците ги запишуваат примерите, а потоа ги презентираат пред соучениците. *пр. табла-зелена, бела, голема, мала, тесна, широка.*
- Учениците добиваат реченици со празни места кои теба да се пополнат со изучени придавки (бројни и описни).
- Учениците пишуваат дијалог прикажан во стрип користејќи присвојни заменски придавки: *Ова е мојата омилена книга, а ова е неговата омилена книга.*
- Учениците играат игра „Кажи го бројот“. Наставникот пишува број на табла, од 1 до бројот 100. Учениците го пишуваат и правилно го изговараат бројот. Со напишаните броеви, учениците пишуваат реченици при што внимаваат на формите за род кај броевите еден и два.
- Учениците  читаат примери од реченици на таблата и потоа одговараат на прашања со употреба на прашалните зборови: што, кој, каде, кога , зошто , колку , како во согласност со содржината.
- Учениците добиваат прашања и одговори кои треба да ги поврзат како пар од прашање и одговор. Пр. *Што праваеше вчера? Вчера читав лектира. Кој дојде на твојот роденден? На мојот роденден дојдоа сите. Каде ќе одите на одмор? На одмор ќе одиме во Охрид.)*
- Учениците добиваат вежба со употреба на сум во сегашно и во минато определено несвршено време.  Пополнетите реченици се проверуваат на табла.Пр*. Јас бев надвор вчера. Тој е сега надвор.*
- Учениците добиваат низа од сликички и за нив употребуваат глаголи во сегашно во минато определено и во идно време според даден пример. *Тој пишува. Таа црташе слон. Таа ќе патува во Лондон.*
- Учениците пишуваат и читаат пред одделението дијалог употребувајќи ги изразите: Дали може да излезам? Дали смеам да отворам врата?
- Учениците добиваат илустрација и опишуваат местоположба на предмети користејќи предлози на соодветно место: на, над, под, до.
- Учениците добиваат картички со сликички при што треба секој ученик да земе по две картички и да состави реченици со употреба на сврзници (и, но, а). *Бананите и јаболките ми се омилено овошје. Сакам шпагети, но повеќе сакам пица.  Јас сакам да одам на скијање, а мојата другарка сака да оди на пливање.*
- Учениците добиваат наставен лист со зборови. Зборовите треба да ги поврзат и да состават реченици при што правилно треба да бидат употребени подметот, прирокот и предметот. *Милица, пее, убаво. Милица убаво пее. Бере, Јане, јагоди. Јане бере јагоди.*
- Учениците играат игра „Поправи ги грешките“. Се делат во парови. Секој пар добива работен лист со неправилен збороред во реченицата. Секој пар ги коригира грешките и го презентира напишаното.

- Учениците читаат краток текст/дијалог/опис од 5 реченици и разговараат за непознатите зборови.(Текстовите се во рамките на темите кои се изучуваат во програмата).
- Учениците слушаат кратко соопштение/изјава/реклама и дискутираат за непознатите зборови. Потоа одговараат на прашања поврзани со слушнатото.
- Учениците читаат текст, а потоа пишуваат прашања (со изучените прашални зборови) за прочитаното. Прашуваат и одговараат во пар менувајќи ги улогите.
- Наставникот дава кус текст со испуштени зборови на тема „Кратки насоки за движење во просторот“, а учениците идентификуваат зборови и изрази дадени во контекст и го запишуваат на соодветното место. *Ќе се движиш по главната улица, ќе свртиш на првата улица лево, а потоа ќе се движиш до крајот на оваа улица и ќе свртиш десно.*
- Учениците носат сликичкки, исечоци од весник или покажуваат фотографија од телефонот од која ќе го покаже своето хоби или спортот со кој се занимва. Пишува 4-5 поврзани кратки реченици внимавајќи на правилната употреба на големата буква, точката, извичникот, прашалнико, и извичникот.
- Учениците преку цртеж го илустрираат празнувањето на Патрониот празник на своето училиште. Секој ученик го опишува својот цртеж и наведува како се празнува Патрониот празник во училиштето. *Учениците од I-IX одделение, заедно со своите наставници подготвуваат приредба со различни активности: драмска претстава, хор и оркестар, рецитација.*
- Учениците на листови во боја пишуваат правила за однесување на спортски натпревар. *Однесувај се примерно. Не ги вознемирувај другите. Не кажувај навредливи зборови.*
- Учениците во разговор ги наведуваат и опишуваат знаменитостите во своето место на живеење. (спомен-куќи, споменици, археолошки објекти, верски објекти...)
- Учениците гледаат емисии за верски објекти (црква/џамија), а потоа се делат во две групи. Двете групи преку цртеж илустрираат верски објект и во усна форма го опишуваат.

Тема: **Нашето тело, здравје, исхрана**

Вкупно часови: 20

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. го разбира значењето на изучените лексички единици поврзани со делови на телото и главата, делови од облека, храна и лична хигиена;
2. ги набројува деловите на телото и главата, деловите од облеката, храната и приборот за лична хигиена;
3. води разговор и кратки дијалози во врска со делови на телото и главата, делови од облека, храна и лична хигиена со употреба на соодветните лексички единици, именки и придавки, во соодветни категории род и број;

| | |
|---|---|
| 4. користи правилен збор採ред, сопоставувајќи ги подметот, прирокот и предметот во реченицата и правилно прашува и одговара на прашања;<br>5. чита, пишува и разбира реченици и искази поврзани со делови на телото и главата, делови од облека, храна и лична хигиена. | |
| **Содржини (и поими):**<br>**А) Комуникациски модели**<br>• Именување делови од главата и телото<br>*Ова е глава, коса, уши, нос, очи, уста*<br>*Ова се раце, нозе, стомак...*<br>*Таа има долга руса коса.*<br>• Облека - делови од облека и обувки<br>*Носам: фармерки, фустан, блуза, маица, кошула, блузон, тренерки, јакна, палто, патики, чевли, влечки*<br>*Тие не носат зелени панталони.*<br>• Здравје, чувства и хигиена<br>*Како си? Добар сум /добра сум.*<br>*Јас сум болен. Ми треба лек од аптека.*<br>*Среќен сум, тажна сум.*<br>*Со што миеш раце?*<br>*Мијам раце со вода и со сапун.*<br>*Овој шампон е убав.*<br>• Храна, здрава храна, пијалоци, оброци, прибор<br>*Видови храна, зеленчук, овошје, месо и млечни производи*<br>*Што јадеш за појадок?*<br>*Дали јадеш шпагети?*<br>*Тие не сакаат пица со печурки.*<br>*Тие сакаат ајвар.*<br>*Здрава храна е :...*<br>*Нездрава храна е: ...*<br>*Сакам да пијам чај/сок/вода* | **Стандарди за оценување:**<br>• Препознава и именува делови од главата и телото.<br>• Наведува делови од облека и обувки.<br>• Опишува со едноставни реченици како е некој облечен.<br>• Составува прашања, одговори и искази во врска со здравјето.<br>• Користи изрази со кои покажува како се чувствува и како се чувствуваат другите.<br>• Наведува средства за хигиена кои секојдневно ги употребува.<br>• Наведува видови храна, пијалоци, оброци и прибор за јадење.<br>• Објаснува какви видови храна сака, при што правилно ги користи предлозите *со, без, од* и правилно ги употребува придавките според формата на именката (*пица со печурки*; *сендвич без сирење; сок од портокал*; *топло млеко; шарени лижавчиња*). |

| | |
|---|---|
| *Ова е виљушка, лажица, нож, чаша, чинија*<br><br>• Вообичаени дневни активности, забава, рекреација<br>*Што правиш наутро?*<br>*Дали стануваш рано?*<br>*Каква музика слушаш?*<br>*Кој ти е омилен филм?*<br>*Кога играш кошарка?* | • Наведува видови храна што им е омилена на лица од своето блиско опкружување.<br><br>• Составува кратки реченици соопштувајќи што прави вообичаено во одредени делови од денот.<br>• Наведува активности за забава и рекреација. |
| **Б) Лексика**<br>• **Нашето тело, здравје, исхрана**<br>Именки<br>Делови на главата и телото: глава, коса, уши, очи, заби, уста, прсти, дланка, рамо, рака, граден кош, стомак, нога, колено, стапало, прсти<br>Видови облека: панталони, фустан, кошула, блуза, маица, блузон, џемпер, палто, јакна, капа, ракавици, шал<br>Прибор за лична хигиена: чешел, четка за заби, паста, сапун, крпа, огледало, сунѓер, шампон<br>Храна: зеленчук (зелка, марула, спанаќ, пиперки, кромид, компир...) овошје (јаболка, банана, портокал, лимон, круша, сливи...), млечни производи (млеко, јогурт, сирење, кисело млеко, кајмак, урда, кашкавал...), месо<br>Топли и ладни напитоци: вода, чај, сок...<br>Придавки: големо, мало, зелено, црвено, широк, тесен, среќен, тажен, болен.<br>Глаголи: трча, игра, носи, подготвува, готви, пие, јаде, пазарува<br>Повторливи глаголи: се мие , се облекува, се чешла, се подготвува, се шета. | • Ги набројува деловите на главата и на човековото тело и ги опишува.<br>• Набројува видови облека и обувки посочувајќи кога ги носи.<br>• Именува и набројува прибор за лична хигиена.<br>• Користи соодветна лексика во изразувањето како се чувствува во однос на здравјето и чувствата.<br>• Именува и набројува различни видови храна, селектира производи кои се здрава храна.<br>• Посочува прибор за лична хигиена.<br>• Составува куси искази со изучените лексички единици употребувајќи различни видови зборови во соодветна категорија: глаголи, именки, придавки и заменки. |

| | |
|---|---|
| Предлози: *со, без, од*<br>Прашални зборови: *дали; што, кој;*<br>*каде, кога, колку, зошто, како* | |
| **В) Граматички структури**<br>• Видови реченици според модалноста<br>• Подметот – вршител на дејство (*Емре трча.*)носител на особини (*Емина е добра.*) и носител на состојба (*Јелена се радува.*)<br>• Личноглаголската форма како прирок во реченицата (*гледам, гледав, ќе гледам)*<br>• Директен неудвоен предмет во реченицата (*Тој чита книга.*)<br>• Зборoредот во простата реченица (подмет – прирок – предмет)<br>• Потврдни и одречни реченици (*Марија спие, а Марко не спие.*)<br>• Прашални реченици со зборовите: *дали; што, кој; каде, кога, колку, зошто, како; каков*<br>• Прашални зборови: дали; што, кој; каде, кога, колку, зошто, како; каков.<br>• Употреба на предлозите *со, без, од*<br>• Употреба на прилозите со глаголски форми (*кога?; каде?; колку? – денес, вчера; горе, таму; многу, малку*) | • Посочува и да дава примери за видови реченици според модалноста и интонацијата.<br>• Идентификува вршител на дејство преку прашања со прашалното зборче кој.<br>• Препознава подмет во реченицата како вршител на дејство, како носител на особина и носител на состојба.<br>• Идентификува дејство во реченица претставено со личноглаголска форма во сегашно, минато определено и/или идно време.<br>• Составува кратки реченици кои имаат и предмет како реченичен член (без дефинирање на предмет како неопходен реченичен член).<br>• Идентификува правилен и неправилен зборoред во реченицата.<br>• Составува кратки потврдни и одречни реченици.<br>• Поставува прашање со прашален збор и дава соодветен одговор во согласност со прашањето.<br>• Правилно ги употребува во кратки реченици предлозите *со, без, од.*<br>• Составува реченици во правилна употреба на прилозите (*кога?; каде?; колку? – денес, вчера; горе, таму; многу, малку*). |
| **Г) Читање со разбирање и слушање со разбирање; пишување**<br>• Слушање и читање куси текстови со едноставна лексика, со прости реченици и со едноставни сложени реченици | • Слуша и разбира кратки содржини со поврзаната лексика.<br>• Издвојува непознати зборови во текст со содржина од оваа тема. |

| | |
|---|---|
| • Пишување со почитување на правописните правила за употреба на голема буква, точка, прашалник, извичник. | • Одговара на прашања за слушната или прочитана содржина (текст, соопштение, реклама).<br>• Наведува конкретни и кратки информации од слушнат или прочитан текст.<br>• Самостојно поставува прашања за текстот што го слуша или што го чита.<br>• Чита гласно со правилен изговор на гласовите, правилно зборовно акцентирање и правилна реченична интонација.<br>• Пишува краток текст со употреба на правописните правила за голема буква, точка, прашалник, извичник. |
| **Д) Интеркултурни содржини**<br>• Храната како универзален јазик на комуникација<br><br>• Мода и начини на облекување | • Именува традиционални јадења и десерти од различни култури во нашата држава.<br>• Именува состојки за приготвување на традиционалните јадења.<br>• Дискутира за омилени јадења од различни кујни користејќи соодветна лексика.<br>• Наведува делови од традиционална и од модерна облека.<br>• Наведува омилени парчиња облека и стил на облекување. |

**Примери за активности**

*Примерите главно обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Учениците работат самостојно. Секој добива наставен лист со цртеж на кој треба да бидат обележани и претставени делови од телото и главата. Пишуваат самостојно на наставниот лист, а потоа се проверуваат заеднички пред одделението.
- Учениците се делат во парови. Секој пар треба да објасни активност која се врши со некој дел од телото. Останатите парови треба да погодат која е таа активност и да го именуваат делот од телото што беше искористен. Пример, лакт -ја превиткуваме ракат, зглоб на рака - ја движиме, вртиме дланката, со дланката држиме предмети, со раката пишуваме, со рацете се прегрнуваме, извршуваме работни обврски...

- Учениците добиваат илустрации, може и сликички од списанија, наведуваат и опишуваат каква облека и обувки носат прикажаните личности.
- Учениците симулираат дијалози: *Како си? Добра сум. Ти како си? Јас сум болен. Ме боли грлото. /Како си? Денеска сум тажен, мојот другар замина во Германија*.
- Учениците се поделени во групи и ја играат играта *Нашето тело зборува.* Имаат задача со помош на невербалната комуникација, мимики и гестови да ги искажат своите емоции. Секој од групата покажува емоција, учениците запишуваат кратка реченица со употреба на глаголот сум во сегашно време, лична заменка и придавка: Јас сум ...Ти си ... (среќен/а/о/и, тажен/а/о/и , исплашен/а/о/и, збунет/а/о/и, замислен /а/о/и.
- Учениците добиваат реченици кои треба да ги пополнат со збор кој е дел од вокабуларот за лична хигиена. Пр. Рацете ги мијам со -------------------, Се чешлам со ----------------------------------------- и слично.
- Учениците добиваат илустрација со поставена маса, а на неа до секој предмет, прибор, вид храна, има број. Под илустрацијата има празни линии со истите бројки каде учениците ќе ги напишат зборовите со кои се именува предметот/приборот/храната.
- Учениците носат материјали: мали сликички од блиските дома, сликички од списанија, боици, лист од блок и прават колаж со нацртани портрети од семејството и под нив чинии во кои ќе бидат нацртани или залепени омилените јадења на членовите од семејството. Под нив учениците пишуваат кратки речени: *Брат ми сака сендвич со сирење. Мама сака шпагети со сос и слично.*
- Учениците добиваат наставен лист со илустрации на кои е прикажано дете/девојче што се буди, што оди во училиште, што пишива, што игра некој спорт, се дружи дома, си легнува. Учениците пишуваат по една реченица со која искажуваат кои се нивните дневни активности и кога ги извршуваат.
- Учениците прават цртеж за својата омилена активност за забава/рекреација и пишуваа кратки реченици: *Јас многу сакам да играм кошарка. Играм секој ден. Играм со моите другари на игралиште.*
- Учениците работат во парови, опишуваат и се дополнуваат според дадени илустрации: *Таа има долга коса. Тој има долги слаби раце. Таа има зелени очи.*
- Учениците добиваат наставен лист со делови од облека под кои треба да напишат како се вика тој дел од облеката или обувките, а потоа секој од нив да го поврзе со едно од годишните времиња напишани на дното од листот, кога се носи тоа.
- Учениците добиваат листови со незавршени реченици во кои има простор да ги дополнат со зборови кои означуваат прибор за јадење. Од дадените реченици учениците симулираат дијалози пред сите во одделението.
- Учениците разгледуваат илустрации и кажуваат реченици со кои се искажува како се чувствува ликот од илустрацијата.
- Учениците разговараат на тема здрава храна, набројуваат здрава храна, а потоа набројуваат и омилени јадења самите одредувајќи дали нивната омилена храна е здрава.
- Учениците се поделени во парови и играат асоцијации на тема прибор за лична хигиена. За секој погоден број парот смислува и кратка реченица која се запишува на таблата.

- Учениците пишуваат неколку реченици, 4-5, на тема која ја избираат. *Есин сака топол чај, а Сара пие ладен чај. Артан јаде само зеленчук.*
- Учениците добиваат сет од реченици: расказни, прашални, извични. Сите реченици се во двојка: прашална и расказна, расказна и извична, прашална и извична. Учениците читаат и правилно интонираат при кажувањето на речениците. Заклучуваат дека кога слушаат интонацијата им помага да ја одредат реченицата, а кога ја читаат интерпункцискиот знак им кажува каква е реченицата.
- Учениците препознаваат вршител на дејство во различни позиции: како вршител на дејство, како носител на особина и носител на состојба. (*Емре трча.*)носител на особини (*Емина е добра.*) и носител на состојба (*Јелена се радува*.) Заклучуваат дека прашалниот збор кој/кои им помага во одредувањето на вршителот на дејството и дека тој стои на почетокот на реченицата.
- Учениците работат во парови. Секој пар добива работен лист со реченици. Задачата на учениците е да ги прочитаат речениците и да ги идентификуваат дејствата претставени со личноглаголските форми за сегашно, минато определено и/или идно време. Неколку учениците ги запишуваат одговорите на таблата и даваат појаснувања за идентификуваното дејство во речениците.
- Учениците работа во групи. Секоја група добива по една илустрација. Задача на групите е според дадената илустрираната содржина да состават по пет кратки реченици во чиј состав ќе има и предмет како реченичен член ( на пр. : – Кате јаде баклава. – Порјаз јаде хамбургер. – Милица прави чај. – Башким чита книга. и сл.). Речениците се читаат пред целата паралелка од страна групите.
- Учениците поделени во групи, добиваат работни листови на којшто се запишани неколку кратки реченици со неправилен зборoред. Секоја група треба да ги препише речениците со правилен зборoред и да го презентира сработеното пред останатите групи. На крајот наставникот на смарт табла или на обична табла ги презентира речениците со правилен зборoред и поведува дискусија со учениците за неточните одговори.
- Учениците работат самостојно. Секој добива наставен лист со илустрации на кои се претставени дејства со кои може само да се соопшти нешто, да се праша за нешто, да се изрази некоја желба, потреба, да се каже наредба. Според илустрациите учениците пишуваат кратки потврдни реченици. Во продолжение, сите тие дејства претставени со речениците, треба да се негираат, односно потврдните реченици стануваат на таков начин одречни. На крајот заеднички се читаат и се проверуваат составените реченици пред целата паралелка.
- Учениците се делат во парови. Секој пар треба да објасни активност која се врши со некој дел од телото. Едниот ученик смислува прашање со прашален збор, а другиот ученик дава соодветен одговор на прашањето (Каква функција имаат очите? и сл.) Се запишуваат речениците на таблата и се дискутира за употребениот прашален збор и неговата улога.
- Учениците работат самостојно. Секој ученик добива работен лист на којшто се запишани реченици со испуштени предлози. Секоја реченица е поткрепена со илустрација. Задача на учениците е да го употребат соодветниот предлог во зависност од смислата на реченицита. Наставникот ги презентира точните одговори на табла и поведува дискусија со учениците за функцијата на предлозите: со, без, од.
- Учениците, поделени во групи добиваат работен лист на кој се напишани повеќе прилози од следните видови: за време, за место и за количество (*право, лево, десно, натаму, наваму, понатаму, долго, набргу, потоа, конечно, многу, малку, вчера, денес, утре, доцна, рано,* итн.). Секоја група влече по едно ливче од неколку прилози на кои се напишани различни теми (на пр., *Како да стигнам*

*до...; Одиме на екскурзија; Ќе славиме Бајрам/Велигден/Видовдан*) и добиваат задача да смислат/креираат по 5 реченици на темата што ја извлекле, при што треба да искористат што е можно повеќе од прилозите дадени на работниот лист. Во дискусија се заклучува дека употребените видови прилози се соодветни во речениците што ги презентираат учениците.

- Наставникот чита изразно однапред подготвен краток текст/соопштение/реклама поврзани со користењето на слободното време/тренирањето одреден спорт /користењето на различни превозни средства и сл. Потоа учениците одговараат на прашања од типот точно / неточно или на отворени прашања поврзани со соодветна лексика. На крајот секој ученик самостојно наведува кратка информација (во форма од 1 до 2 реченици) во врска со прочитаната содржина. Неколку ученици доброволно го презентираат сработеното.
- Учениците работат во парови, менувајќи си ја улогата наставник – ученик. Едниот ученик чита, а ученикот во улога на наставник поставува две-три прашања за прочитаното.
- Учениците ја играат играта Радио/ТВ спикер. Наставникот дава повратна информација за читањето на учениците.
- Учениците во групи изготвуваат списоци со потребни продукти за прослава на одреден празник. Секоја група го презентира на табла со пишување соодветниот список. Заедно со наставникот дискутираат за точноста на напишаното.
- Учениците влечат ливчиња на кои се напишани етничките заедници во Република Северна Македонија, врз основа на што се групираат во групи. Секоја група истражува за традиционалната храна на етничката заедница што ѝ се паднала и подготвува кус текст проследен со илустрации што се поставуваат на слајд од мултимедијална презентација. Потоа наставникот ги обединува слајдовите во заедничка презентација која се прикажува пред сите ученици во паралелката. Врз основа на презентацијата се води дискусија преку која се констатираат сличностите во традиционалната храна на различните култури во нашата држава, состојките коишто се користат за подготовка. Исто така, се поттикнуваат групите да користат соодветна лексика кога даваат свои мислења за омилените јадења.
- Учениците се поделени во 4 групи. Секоја група пред себе има по неколку работи кои се важни за традиционалната и модерната облека: традиционална облека- дел од народна носија-(кошула, опинци, панталони, ќече, шалвари, шамија, фес и сл.), модерна облека ( патики, фармерки,виндјакна и сл.). Задача на секоја група е да ги селектира предметите и да напише кој предмет во која од наведените групи им припаѓа – традиционална, модерна облека, омилени парчиња за облекување, фолкло. Селектираните предмети секоја група ги запишува во работен лист. Се води дискусија во начинот на облекување.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноптравност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува ученииците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да се овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот треба да направи согледување на претходните искуства, знаења и вештини на учениците, континуирано да ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и да прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;
- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;
- домашните задачи;
- одговорите на квизови (куси тестови) што се дел од поучувањето;
- изработката на проекти;
- изготвувањето постери;

- контролните вежби;
- тестовите на знаења;
- изработките/ практичните изведби (на пример, пишување/творење текстови според различни барања, прикази, илустрации, презентации и сл.);

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива сумативна оценка во вид на опис на постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. На крајот од учебната година ученикот добива бројчана сумативна оценка.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2023/2024 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Македонски јазик за учениците од другите заедници* за VI одделение.** | бр. 08-6440/1<br>13.6.2023 година<br><br>Министер за образование и наука,<br>Doc. Dr. Jeton Shaqiri<br><br>_____________________________ |